Предлог - Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор со Акциски план 2018-2020

Консултации со граѓански организации

Скопје, 16.4.2018 и Битола, 19.4.2018

АГЕНДА

- ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ПРОЦЕСОТ НА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ-СТРАТЕГИЈАТА И АКЦИСКИОТ ПЛАН
- ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ЦЕЛИ, МЕРКИ И АКТИВНОСТИ НА СТРАТЕГИЈАТА НА ВЛАДАТА ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАѢАНСКИОТ СЕКТОР, СО АКЦИСКИ ПЛАН 2018 – 2020
- ДИСКУСИЈА

ЗОШТО Е ПОТРЕБЕН СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТ ЗА СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ОВОЗМОЖУВАЧКА ОКОЛИНА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Владата активно презема мерки за градење на континуиран, транспарентен и целосно инклузивен дијалог со граѓанскиот сектор.
Важно е да се постигне консензус помеѓу граѓанските организации и органите на државната управа за целите што Владата сака да ги постигне за развој на граѓанскиот сектор.

КЛУЧНИ УЧЕСНИЦИ ВО ИЗРАБОТКАТА И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА

ПРИНЦИП НА ЗАЕДНИЧКА ОДГОВОРНОСТ И ВИЗИЈА НА СИТЕ УЧЕСНИЦИ

Органи на државната управа

НВОи (преку Советот за соработка со и развој на граѓанското сектор и непосредно)

ПОЛИТИЧКО (ВЛАДИНО) НИВО

Усвојување на Стратегијата и разгледување и усвојување на извештаите за спроведување

ОПЕРАТИВНО И АДМИНИСТРАТИВНО НИВО

Подготовка, спроведување и следење на спроведување на Стратегијата

ПАРТИЦИПАТИВЕН ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА

Јавни консултации за приоритетите на новата Стратегија

Јавен повик за доставување иницијативи и состанок на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор

Работилница за ревизија на Стретегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012-2017

Формирање работна група за изработка на Стратегијата

Јавен повик до граѓанските организации за учество во работната група

Состаноци на работната група, комуникација преку електронска пошта

Јавни консултации за Предлог-Стратегијата

Консултации со засегнатите страни (е-советување и јавни расправи)

Тематска седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

Надворешна оценување на Стретегијата 2018 - 2020

Состаноци и фокус групи со носителите и институциите учесници на мерките и активностите

ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ

Приоритетна област 1: Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанскиот сектор

Цели во приоритетна област 1

- Унапредување на правната рамка за граѓанските организации;
- Воспоставување даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации и го овозможува нивниот развој;
- Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации;
- Подобрување на институционалната рамка и практиките на соработка помеѓу Владата, органите на државната управа и граѓанските организации.

Мерки во приоритетна област 1

- Измени на Законот за здруженија и фондации, во насока на воспоставување функционален модел за стекнување со статус на организација од јавен интерес, правно препознавање на неформалните групи, прецизирање на одредбите за непартиско дејствување и влијание на избори, утврдување на условите за распределба и користење на средствата од Буџетот на Република Македонија од граѓанските организации и др.;
- Анализа на ефектите и избор на најпогоден модел за даночниот третман на граѓанските организации од аспект на данокот на добивка;
- Уредување на начинот за разделување на трошоците и приходите поврзани со економските активности од останатите активности на непрофитните организации во Законот за сметководство на непрофитните организации и во подзаконските акти;

Мерки во приоритетна област 1

- Анализа и измени на Законот за игри на среќа и забавни игри од аспект на европските практики и домашните потреби;
- Донесување на правно обврзувачки акт за распределба на средства за граѓанските организации од Буџетот и унапредување на координацијата на органите на државната управа, транспарентноста и отчетноста во користењето на средствата;
- Воспоставување функционален Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор;
- Унапредување на статусот на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат во насока на создавање овозможувачка средина за граѓанскиот сектор;

Мерки во приоритетна област 1

- Јакнење на капацитетите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор и унапредување на методите за комуникација и координација на членовите на мрежата;
- Зголемување на достапноста и дисеминацијата на јавните податоци за регистрираните граѓански организации во Централниот регистар на Република Македонија;
- Промовирање и поттикнување на добри практики за соработка со граѓанските организации на локално ниво;
- Подобрување на комуникацијата и зголемување на видливоста на Одделението за соработка со НВО и граѓанските организации во јавноста (организирање „Отворени денови“ за граѓанските организации и подобрување на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk со информации и бази на податоци).

Приоритетна област 2: Демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси и во креирањето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во ЕУ

Цели во приоритетна област 2

- Зголемување на учеството на граѓанските организации во процесот на креирање политики и донесување на закони;
- Зајакнување на партнерството во процесите поврзани со европската интеграција.

Мерки во приоритетна област 2

- Унапредување на примената на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики (утврдување модели за вклучување и избор на граѓански организации во работни групи, известување за спроведени консултации и др.);
- Соработка со постојните ефективни тематски мрежи на граѓански организации за структуриран дијалог во процесот на креирање политики;
- Анализа на потребите и можностите за законско уредување на постапката за изготвување закони и консултации со засегнатите страни;
- Вклучување теми за учество во процесите на креирање политики и донесување закони во програмите за обука на административните службеници;

Мерки во приоритетна област 2

- Унапредување на можностите за консултации со засегнатите страни преку Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) и поттикнување за негово користење;
- Соработка со претставници на граѓанските организации во спроведување на наставни предмети и активности во училиштата поврзани со темите демократија и граѓански сектор;
- Вклучување на граѓанските организации во работни тела за подготовка на преговарачките позиции и преговори со Европската Унија;

Мерки во приоритетна област 2

- Активно вклучување на граѓанските организации во програмирањето и следењето на искористеноста на фондовите за претпристапна помош (секторски работни групи, мониторинг комитети и др.);
- Консултации и соработка на органите на државната управа и граѓанските организации за сеопфатна подготовка на извештаите на Република Македонија за спроведување на ратификуваните меѓународни договори и континуирано исполнување на обврските на Република Македонија;
- Зголемување на учеството на граѓанските организации во европските и регионалните мрежи и активности.

Приоритетна област 3: Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој

Цели во приоритетна област 3

- Развој на социјално претприемништво;
- Зголемено учество на граѓанските организации во давање услуги за потребите на заедницата;
- Промовирање и развој на волонтерството;
- Поттикнување на граѓаните и деловниот сектор за поддршка и придонес за развој на граѓанскиот сектор.

Мерки во приоритетна област 3

- Подигнување на свеста за социјално претприемништво;
- Создавање на поттикнувачко правно окружување за социјално претприемништво (преку донесување на Стратегија за развој на социјалното претприемништво и Закон за социјално претприемништво и др.);
- Обезбедување на финансиска поддршка и развој на претприемачките вештини на граѓанските организации за социјално претприемништво;

Мерки во приоритетна област 3

- Воспоставување на рамка за одржливост на обезбедување на социјални услуги од страна на граѓанските организациите (преку воведување на социјални договори во обезбедување на државно финансирани услуги во Законот за социјална заштита);
- Подобрување на условите за обезбедување услуги од страна на граѓанските организации (преку анализа на можностите за обезбедување на државно финансирани услуги во областа на образованието, здравството, културата, младите и др.);

Мерки во приоритетна област 3

- Подобрување на правната рамка за промовирање и развој на волонтерството (преку донесување на нова Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството);
- Поттикнување на волонтерски активности и финансиска поддршка на граѓанските организации кои го промовираат волонтерството;
- Измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности за олеснување на донирањето кон граѓанските организации.

Спроведување, следење и известување

- Органите на државната управа – носители на мерките и активностите;
- Одделението за соработка со НВО и Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор – го координираат спроведувањето на Стратегијата и подготовуваат годишен извештај до Владата;
- Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор – го следи спроведувањето на Стратегијата и Акциски план и дава мислење на годишно ниво за реализација на Стратегијата;
- Граѓанските организации - партнери на Владата и органите на државната управа во спроведувањето на конкретни активности и во континуираното следење на Стратегијата и Акциски план.

Ви благодариме на соработката

Вашите забелешки и предлози ги очекуваме до **30.4.2018** на e-mail: **nvosorabotka@gs.gov.mk**